**Република Северна Македонија**
**Основен суд Охрид**
**Су-07.бр.34/22 – 3**
**04.10.2022 година**
**Охрид**

Судскиот администатор на Основниот суд Охрид, Борче Мирчески, врз основа на член 36 став 1 од Законот за судска служба *(Сл. Весник на РМ, бр.43/14 од 04.03.2018 година, бр.198/18 од 31.10.2018 година),* врз основа на објавен јавен оглас број 3/22 на Основниот суд Охрид, Су-04.бр.35/22 од 15.08.2022 година, а по спроведената постапка за вработување на судски службеник, Помлад судски референт – извршител во писарница, еден извршител, на ден 04.10.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**- за избор на Помлад судски референт – извршител во писарница –**

Судскиот администатор на Основниот суд Охрид, Борче Мирчески, врз основа на Конечната ранг листа Су-04.бр.35/22-3.3.1 од 30.09.2022година, и предлог на кандидат за вработување, Су-04.бр.35/22-3.3.2 од 03.10.2022 година, доставени од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеник во Основниот суд Охрид за работното место Судски референт - дактилограф, еден извршител, **ГО ИЗБИРА** кандидатот:

**- Даниела Вршкоска , со шифра ОСОГ403.**

По конечноста на оваа одлука за избраниот кандидат ќе биде донесено Решение за засновање на работен однос за работно место Помлад судски референт – извршител во писарница во Основниот суд Охрид.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Основниот суд во Охрид, објави јавен Оглас за вработување на судски службеник, Помлад судски референт – извршител во писарница, бр.03/22, Су-04.бр.35/22 од 15.08.2022 година, во дневите весници „НОВА МАКЕДОНИЈА“ и „КОХА“.

Од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеник, во Основниот суд во Охрид, до Судскиот администратор, после спроведувањето на постапката за вработување, согласно член 35 став 1 од Законот за судска служба, беше доставена Конечната ранг листа Су-04.бр.35/22-3.3.1 од 30.09.2022година, од постапката за вработување, и предлог на кандидат за вработување, Су-04.бр.35/22-3.3.2 од 03.10.2022 година, за работното место Помлад судски референт – извршител во писарница, еден извршител.

Со предлогот, Комисијата, на Судскиот администратор, согласно член 35 став 1, му го предложи најдобро рангираниот кандидат за работното место Помлад судски референт – извршител во писарница, еден извршител, и тоа кандидатот Даниела Вршкоска, со шифра ОСОГ403.

Судскиот администаротот, имајќи ги во предвид Конечната ранг листа и предлогот на кандидат за вработување, доставени од Комисијата, а постапувајќи согласно член 36 став 1 од Законот за судска служба, го изврши следниов избор:

**За работното место Помлад судски референт – извршител во писарница во Основниот суд Охрид, еден извршител, го избира кандидатот Даниела Вршкоска.**

При изборот на кандидатот, Судскиот администаротот ја имаше предвид Конечната ранг листа и предлогот од Комисијата, остварените резултати од административната селекција, покажаните резултати од стручниот дел од испитот, познавањето на странскиот јазик, како и од интервјуто спроведено од страна на Комисијата врз основа на што ја донесе оваа одлука.

**ОД ОСНОВНИОТ СУД ОХРИД, на ден 04.10.2022 година.**

**Судски администратор,**
**Борче Мирчески**

**ПОУКА**: Кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку овој суд до Советот на судкса служба, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

**Д-на:** - Даниела Вршкоска
- на Веб страна на судот
- до кандидатите од Ранг листата кои не се избрани